МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Хоспитален оддел и оддел за интензивна нега




**УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛУНИЧКИ ЦЕНТАР ЉУБЉАНА**

**Интерна Клиника**

**Клиничко одделение за Нефрологија (Април 2016 год.)**

**Дмс. Благица Ѓорѓиоска**
**Датум на презентација (Мај 2016 год.)**

www.moh.gov.mk

**Клиниката за интерна медицина**

е една од најголемите единици во клиничкиот центар и ги опфаќа сите медицински специјалности. Поверќето медицински услуги се обезбедени во централната зграда.



**Одделот за нефрологија** ги третира

- болестите на бубрезите,
- електролитните нарушувања,
- артериската хипертензија и
- обезбедува сеопфатен третман на пациенти кои имаат потреба од бубрежна заместителна терапија за акутна бубрежна инсуфициенција или
- краен стадиум на бубрежна болест (дијализа и трансплантација на бубрег).

Одделот за нефрологија, располага со **<u>мобилна екипа и мобилна апаратура</u>**, која по потреба, надвор од одделенските простории, спроведува акутна хемодијализа, плазмофереза и континуирани процедури на хемодијализа за критично болни пациенти деца и возрасни



# **Прием на нов болен**

Сите приеми на пациенти на одделот за Нефрологија се реализира преку нефролошката амбуланта и ургентните центри на останатите клиники. Не се остварува прием директно на одделот.

Болниот се сместува во кревет. На раката и на креветот се означува со **идентификациона алка** (наракавица) со име презиме и број за идентификација.



Задолжителна процедура при прием на болен е земање брис од грло, нос и пазуви.

Во исчекување на резултатот од брисевите, пациеното се маркира со зелен картон на креветот и истиот се третира како можно позитивен пациент.

Доколку резултатите од брисевите се негативни, зелениот картон се отстранува.



Доколку пациеното има позитивни брисеви на МРСА, ЕСБЛ и сл., се сместува во соба за изолација и се постапува по протокол за изолација на пациент.




Собата за изолација е со посебен тоалет и бања и во нејзе се влегува со заштитни средства за работа.

Личните предмети на болниот се **<u>попишуваат</u>** на реверсен лист.

Под лични ствари се подразбира се што носи на себе болниот од накит, мобилен телефон, паричник, вреност на банкноти, попис на облеката, по вид и количина.

По земање на потребните брисеви и попис на личните ствари, болниот го **<u>бањаат</u>**. Доколку е подвижен бањањето се извршува во бања, а неподвижните болни се бањаат во кревет.

Нефролошкото одделение располага со работен профил - **<u>физиотерапевт</u>** кој е задолжен за рехабилитација на хоспиталните болни.

Физиотерапевскиот делокруг на работа е секојдневна физиотерапевтска нега која подразбира масажа, вежби за дишење, движење и придвижување.



# Соба за интензивна нега

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Собата за интензивна нега располага со 4/четири/ висококвалитетни болнички кревети, кои се со автоматизирана функција и телесна вага.

Во зависност од потребата или по одреден временски период (најчесто еднаш месечно), болничките кревете подлежат на комплетна дезинфекција која се врши во посебна просторија во клиничкиот центар за таа намена – перална.






Available Digital Scale

Собата за интензивна нега располага со:

- подвижни аспиратори,
- мониторинг на ТА и ЕКГ,
- инфузиони пумпи,
- дефибрилатор,
- специјална количка за реанимација со сет за интубација

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Анализи и резултати

Писменото барање за крвни, ткивни или уринарни анализи се праќа преку специјален компјутерски програм „Хипократ“ до одредена институција за анализа.



Примероците за анализа се доставуваат без упат во тврда копија. На примероците се лепат налепници со идентификационен број на пациентот.

Првичните резултати од крвните анализи пристигнуваат компјутерски, распределени по идентификациониот број на пациентот во неговото досие.

Резултатите од патологија, микробиологија, трансфузиологија, рентген и сл. пристигнуваат во хартиерна форма, ги распределува административен работник по претходен потпис од собниот лекар.

Примероците за анализи и резултатите од добиените анализи ги транспортира и дистрибуира **посебна курирска и транспортна служба**, која го опслужува цел клинички центар.

# Организација и требовање на терапија

Терапијата се требова од главната клиничка аптека.

Целокупната терапија се наоѓа во работната соба.

Во работната соба се спрема терапијата (ампуларна и таблетарна) за цел оддел и за интензивна нега.

Единствено наркотичните сретства се сместени во посебен сеф.



# ЗАКЛУЧОЦИ:

- Организационата поставеност како клучен елемент за ефикасно работење.
- Просторната организација го подобрува и забрзува процесот на работа.
- Медицинската опрема со висок квалитет го олеснува работниот процес и ја подобрува психофизичката рехабилитација на пациентот.
- Мобилна транспортна и курирска служба брзо, ефикасно и навремено ги извршува работите надвор од вратите на одделот за Нефрологија.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Благодарам за вниманието

www.moh.gov.mk